КУЛТУРА

Датум: 16.05.2016, 16:16

Ми се допаѓа 0

ИЗЛОЖБА ВО СРПСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

ПОСЛЕДНАТА ИЗЛОЖБА НА ГОЛЕМИОТ ЧЕМЕРСКИ ПАТУВА ВО БЕЛГРАД

Изложба на слики од бардот на македонското современо сликарство Глигор Чемерски утре ќе биде отворена во Српската академија на науките и уметностите во Белград. Сосема непредвидено, поставката на 58 уметнички дела ќе биде постхумно отворена. Изложбата лани беше поставена во Москва, во Руската академија на уметностите, а на почетокот на годинава делата беа поместени на три ката во галеријата на Друштвото на ликовните уметници на Република Бугарија и беше најавено следното гостување в мај, во Белград. За жал, на почетокот на минатиот месец Чемерски почина.

Академик Влада Урошевиќ утревечер ќе го претстави творештвото на својот колега, на отворањето на изложбата во белградската академија.

- Чемерски е секако претставник на втората повоена генерација македонски ликовни уметници. Сигурно, уште со самата своја појава ова сликарство означи еден став. Беше егземпларно во оваа област. Чемерски се застапуваше за фигурацијата и притоа како своевидна основа за сликарството ја беше земал македонската традиција на македонскиот фрескоживопис од средниот век. Тој на таа своја основа ~ го даде модернистичкиот дух и покажа како, на кој начин, еден сликар да биде поврзан со традицијата на својата почва, а притоа да биде и безрезервно модерен - вели Урошевиќ.

Инспирација од „Оплакувањето на Христос“ во Нерези

Сликарството на Чемерски не може да се толкува, а да не се спомне „Оплакувањето на Христос“ инспирирано од средновековната фреска на црквата „Св. Пантелејмон“, изградена во 12 век во скопско Нерези.

- Чемерски има направено десетици и десетици дела инспирирани од „Оплакувањето“ во Нерези и во секоја од нив наоѓаше еден свој посебен пат на ликовната интензивност во изразот. Одеше дури до работ на апстракцијата, но никогаш не преминуваше во апстракција. Секако дека неговата поврзаност со почвата на Македонија даваше еден белег на сето тоа што тој го правеше. Беше познат и во Белград и во другите центри на поранешна Југославија, голема беше неговата репутација и надвор. Имаше галерија во Париз која постојано ги изложуваше неговите дела. За неговото творештво имаше многу искажувања не само од наши, туку од светски критичари - вели Урошевиќ.

Македонија во минатиот месец загуби сликар, мозаичар, графичар, есеист, автор, личност, еден целосен културен профил. Вака зборуваа за него колегите при веста за неговата ненадејна смрт. Имаше 76 години.

Ја создаде „живата Византија во Македонија“

Глигор Чемерски, роден во Кавадарци во 1940 година, се образоваше на белградската Академија за ликовна уметност. Тој е првиот македонски уметник, кој станал почесен член на Руската академија на уметностите. Критичарите го сметаат за уметник што ја создаде „живата Византија во Македонија“.

Историчарот на уметноста Владимир Величковски вели дека тој бил природно наклонет кон богатството на бојата и лично обоената експресија - современ автор од школата на европскиот експресионизам. „Со својата творечка креативност успеа да воспостави дијалог со византиската традиција“, вели Величковски.

Чемерски е автор на монументални споменици: сидната слика „Топла земја“ во Стопанска банка во Скопје (1971), спомениичните комплекси изработени во техника на мозаик „На тиквешките танчарки“ во Кавадарци (1977), „Писма и пораки“ во Кавадарци (1981) и „Споменик на слободата“ во Кочани (1981), со мозаични фризови од 320 квадратни метри, мозаичниот диптих „Македонија - светла земја“ и „Македонија - земјата памети“ во резиденцијата на претседателот на Република Македонија.

По дипломирањето во Белград, како стипендист на француската влада престојувал во Париз. Реализирал студиски патувања во Египет, Грција, Италија, Холандија, Германија, Шведска, САД. Во штафелајното сликарство создава експресионистички дела, проникнати со поетски реализам и фантастика. Подоцна создал автохтона интерпретација на средновековната иконографија. Сликите на Чемерски се застапени во многубројни уметнички државни институции во земјава и странство.

Изложбата во САНУ ја организираат Македонската академија на науките и уметностите и е поддржана од Министерството за култура.

Весна И. Илиевска

НАЈНОВИ ВЕСТИ


→ Определен 30-дневен притвор за лицето што постави експлозивна направа во Собрание

→ Прв пат финале во ЛШ ќе се игра на „покриен“ стадион, се стравува од дронови

→ Беса не сака компромиси, СДСМ вели дека до понеделник ќе преговара

→ Астрофизичарот Стивен Хокинг прв, тројца Хрвати на листата на 30 најинтелигентни луѓе на светот

→ Концерт на култните „Лачни Франз“ на платото пред МОБ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook



НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

→ Бугарите му се настрвија на Путин поради писменоста од македонската земја

→ Болни амбиции и државно раскрчмување

→ Загадување посилно од судбината

→ Фашистички калифат

→ Пентагон не знае каде е оружјето вредно милијарда долари за ирачката армија